МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 82-н од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува составот на Комисијата за унапредување и начинот на спроведување на селекција за унапредување на вработените во шумската полиција (во понатамошниот текст: Комисијата).

## Член 2

Комисијата е составена од шест вработени лица во шумската полиција и тоа претседател и два члена и нивни заменици.

## Член 3

Претседател на Комисијата и неговиот заменик се од редот на раководните лица од Секторот за Шумска полиција, а другите два члена и нивните заменици се од вработените во Шумско полициските станици.

## Член 4

Селекцијата за унапредување на работник во шумската полиција се врши врз основ на член 82 – м од Законот за шумите и се состои од два дела и тоа: административна селекција и интервју.

### Член 5

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во членот 82-м став 3 од Законот за шумите и приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

### Член 6

За кандидати за кои при административна селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција не се спроведува.

### Член 7

Бодовите на административна селекција за секој пријавен кандидат се утврдуваат врз основа на последните три оцени и тоа согласно со доставените докази од членот 82-м став 3 алинеи 3 и 5 од Законот за шумите, потврда за успешно реализирана обука и успешното пренесување на знаења и вештини меѓу вработените во шумската полиција.

### Член 8

Врз основа на бодовите од административната селекција, Комисијата составува ранг листа, при што со најмногу пет, најдобро рангирани кандидати, во рок од пет дена по административната селекција, Комисијата спроведува интервју.

### Член 9

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата составува ранг листа и го предлага прворангираниот кандидат на министерот.

### Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19–4032/1 Министер за земјоделство,

28 март 2016 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.